РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 23-187/12
02.10.2020 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ( „Службен гласник на општина Струмица" бр. 5/06) и Записникот од Комисијата за спроведување на Јавен повик за распределба и доделување на општински простории – времено користење во дел од општинска зграда/Касарна Струмица, СУ+П+2 (приземје и спрат) на КПбр.7034/26, КО Струмица (Г.П 36-16-КО Струмица) бр. 23-187/11 од 30.09.2020, по објавениот Јавен повик бр. 23-187/4 од 07.09.2020, Градоначалникот донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распределба и доделување на општински простории – времено користење во дел од општинска зграда/Касарна Струмица, СУ+П+2 (приземје и спрат) на КПбр.7034/26, КО Струмица (Г.П 36-16-КО Струмица)**

Член 1

Врз основа на Јавниот повик за распределба и доделување на општински простории – времено користење во дел од општинска зграда/Касарна Струмица, СУ+П+2 (приземје и спрат) на КПбр.7034/26, КО Струмица (Г.П 36-16-КО Струмица) и Записникот од работата на Комисијата за спроведување на Јавниот повик, просториите во повеќенаменски социјален центар- приземје се распределуваат на следниве здруженија/фондации:

1. Здружение Избор Струмица ........................................................................................ **100 бодови**
2. Здружение на граѓани за поддршка на лица со Даунов синдром Вера Струмица ............... **100 бодови**
3. Здружение за едукација и развој на лица со пречки во развојот Еднаквост....................... **100 бодови**
4. Здружение на лица со телесен инвалидитет Мобилност – Струмица ................................ **100 бодови**

Член 2

За просториите во Нов НВО Центар/први спрат се распределуваат на следниве здруженија/фондации:

1. Друштво за проучување и заштита на птиците Струмица .................................................. **100 бодови**
2. Фондација за развој на мали и средни претпријатија Струмица .......................................... **100 бодови**

Член 3

Распределбата на просториите е согласно бодовите од извршената првична селекција, евалуација и оценување по Критериумите од Оперативен план со Методологија и правилник за ставање во функција на повеќенаменски социјален центар и Новиот НВО центар во Струмица, како и бодовната листа по Записникот бр.23-187/11 од 30.09.2020 од Комисијата за спроведување на јавен повик бр. 23-187/4 од 07.09.2020 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Струмица**
**Коста Јаневски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА СТРУМИЦА